Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 3) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 11.07.2022 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВА** привремено одобрение за користење на радиофреквеции во копнена мобилна служба со евидентен број 112566 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје**, по службена должност.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено привремено одобрение за користење на радиофреквенции (3.6-3.7 GHz) во копнено мобилна служба со евидентен број 112566 на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје.

Во условите за користење во одобрението во точка 6 е наведено дека одобрението ќе биде отповикано по службена должност доколку Агенцијата издаде одобрение за користење на радиофреквенции за доделениот опсег. Агенцијата за доделениот опсег (3.6-3.7 GHz) издаде одобрение број 112866 со што е исполнет условот за отповикување на одобрението.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 3) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-277
Скопје, 14.07.2022

Изработил:
Раководител на сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

Советник за радиокомуникации и контрола
и мониторинг на радиофреквенции
Игор Бојаџиев

**Директор,**
**Jeton Akiku**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- архива